НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Прилеп (во понатамошниот текст НУ Завод и Музеј - Прилеп) е установа чија основна дејност е заштитата на спомениците на културата и музејската дејност. Во рамките на основната дејност се и следните работи во надлежност на НУ Завод и Музеј - Прилеп.

-ги разгледува сите прашања од областа на заштита на спомениците на културата, предлага донесување на прописи и превзема мерки во врска со заштитата на спомениците на културата во рамките на својата надлежност;

-проучува, истражува и со научни методи обработува прашања кои се од областа на заштита на спомениците на културата;

-води регистри на спомениците на култура;

-води стручна евиденција и документација за спомениците;

-изработува студии, елаборати, анализи и други материјали поврзани со заштитата на спомениците на културата;

-изработува проекти за конзервација, реставрација, реконструкција и други облици на непосредна заштита на спомениците на културата;

-врши вештачења, надзор, ревизија и други работи од областа на заштитата на спомениците на културата;

-донесува решенија за утврдување и губење на својството споменик на културата како и други поединечни управни акти во прв степен согласно законот;

-учествува во управни постапки што ги водат други надлежни органи;

-врши непосреден стручен надзор над изведувањето на работите на конзервацијата и реставрацијата на спомениците на културата и на спроведувањето на техничко - заштитните и други мерки за заштита на спомениците на културата;

-издава публикации од областа на заштита на спомениците на културата и пропаганден материјал за спомениците;

-врши и други стручни работи во областа на заштитата на спомениците на културата, што му е ставено во надлежност со закон;

-систематски истражува, собира, средува, стручно и научно обработува и проучува, конзервира, чува, објавува и презентира музејски материјал;

-организира постојани изложбени поставки, повремени подвижни изложби, предавања, семинари, курсеви и други видови на презентации заради подобро запознавање на граѓаните со музејските збирки;

-обезбедува услови за користење и научно-стручно прочување на музејскиот материјал;

-води влезна книга, инвентарна книга, картотека на музејскиот материјал и друг вид на евиденција и документација;

-врши ревизија на музејскиот материјал;

-издава научни и стручни публикации, каталози, водичи и друг вид пропаганден материјал;

-врши и други работи во областа на музејската дејност.

НУ Завод и Музеј - Прилеп покрај основната врши и дополнителна дејност и тоа:

-Галериска дејност, односно организирање и јавно изложување на оригинални или примероци на дела од ликовната и применетата уметност;

-Издавачка дејност.

НУ Завод и Музеј - Прилеп во согласност со Статутот, своите задачи ги остварува преку организациони единици (сектори) кои се состојат од одделенија и преку истите, стручните лица во согласност со Правилникот за организација на работата ја вршат својата дејност.

За 2009 година НУ Завод и Музеј - Прилеп пред Министерството за култура на Република Македонија конкурираше со 49 проекти од кои 32 беа финансирани.

Напоредно со реализацијата на проектите се работеше и на Програмите за ревалоризација на недвижното и движното културно наследство која програма беше во целост финансирана од страна на Министерството за култура.

Покрај тоа реализирани се уште многу проекти како вонпрограмски активности, а беа извршени и бројни увиди на поголем број споменици на културата, археолошки локалитети како и други објекти во Прилеп, неговата околина и Крушево.

I. СЕКТОР НА ЗАШТИТА И КОНЗЕРВАЦИЈА НА НЕДВИЖНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

1. Ревалоризација на недвижно културно наслество

Во согласност со Програмата изготвена од Управата за заштита на културното наследство, за ревалоризација на недвижното и движното културно наследство, во текот на 2009 година бе аизработени следните елаборати за ревалоризација на спомениците на културата:

1. Елаборат за ревалоризација на Стара Чаршија – Прилеп;
2. Елаборат за ревалоризација на манастир Трескавец;
3. Елаборат за валоризација на Крушево;
4. Елаборат за ревалоризација на црквата Св. Никола, с. Зрзе;
5. Елаборат за ревалоризација на црквата Св. Богородица, с. Костинци;
6. Елаборат за валоризација на црквата Св.Благовештение", Прилеп.

2. Ревалоризација на движно културно наследство

Врз основа на Законот за заштита на културното наследство во 2009 година изготвени се следните Елаборати за ревалоризација, по Одделенија:

Одделение за археологија

1. Елаборатот за ревалоризација на збирката на етнографски споменици и камена пластика.

Одделение за историја

Изработени се прилозите од аспект на историјата како составен дел на истоимените елаборати:

1.Елаборат за ревалоризација на куќата на "Кузман Јосифоски - Питу";

2.Елаборат за ревалоризација на Меморијален музеј " 11-ти Октомври 1941";

3.Елаборат за ревалоризација на "Спомен дом на Блаже Конески" с. Небрегово;

4.Елаборат за ревалоризација на Старата чаршија во Прилеп;

5.Елаборат за ревалоризација на споменикот "Илинден" месност Гумења во Крушево;

6.Елаборат за валоризација на Крушево.

Одделение за конзервација

1. Конзервација и реконзервација на предмети предвидени за постојаната археолошка поставка.
2. Изведена е конзервација и комплетирање на стари и нови наоди од локалитетот "Трештена Стена", од одделението за праисторија и одделението за антика.

Напомена: Недостатокот на нормални услови за работа и несоодветна просторија односно конзерваторско реставраторска лабораторија во рамките на НУ Завод и Музеј, ја отежнуваат работата и нормалното реализирање на програмата.

3. Конзерваторско-реставраторски работи-Архитектура

1. Изработка на **Проект за конзервација, реставрација и реконструкција на црквата Св. Атанасиј во Варош, Прилеп;**
2. **Поект за конзервација на куќа на ул."Партизанска" бр. 38 во Крушево;**
3. **Проект конзервација-фаза препокривање на ул."Таќа Бербер" бр.16 во Крушево;**
4. **Основен Проект за конзервација на Музеј на Илинденското востание во Крушево;**
5. Проект "**Темелна реконструкција на источниот конак на манастирот Св. Арахангел Михаил , Варош, Прилеп" ;**
6. Проект "**Темелна реконструкција на јужниот конак од манастирот Св. Никола во с. Манастир , Мариово";**

7. Проект "**Темелна реконструкција на монашки и владички конак во манастирскиот комплекс Св. Преображение – Зрзе";**

8. Проект "**Замена на кровна конструкција, дренажа, санација и преуредување на Меморијалниот музеј 11-ти Октомври 1941".**

4. Конзерваторско реставраторски работи на икони, иконостаси и фрески

1. Изработка на **Проект за конзервација на фрескоживописот од црквата Св. Никола, Манастир, Мариово; - втора фаза;**

2. Изработка на **Проект за конзервација на живописот од црквата Св. Никола во с. Зрзе.**

АРХЕОЛОГИЈА

Во текот на 2009 година реализирани се два капитални проекти.

1. Систематски археолошки истражувања на локалитетот Стибера, с. Чепигово

Со истражувањата се започна во месец мај и се реализираа се до крајот на месец јули. Истражувањата се изведувани во секторот Гимназион, во просторот јужно, западно и северно од Хероонот и Теменосот.

Работено е во четири пунктови- кои се надоврзуваат еден на друг.

Истите претставуваат продолжение на истражувањата од претходните години. Истражен е простор од цца 1100м^2.

Во пункт I работено е на откривање на остатоците од одводниот канал, откриен во западниот дел од секторот Гимназион во 2008 г. како и на истражување на останатиот простор северно и јужно од него.



Во пункт II продолжено е со работа во просторот помеѓу стопите северно од каналот и откриените остатоци од култната градба.



Во пунктот III работено е на откривање на градба со апсидално решение која се надоврзува на култниот објект, најверојатно посветен на императорот.



Во пункт IV се работеше на откривањето на хеленистичкиот бедем и дефинирање на просторот источно од екседрата. Од истражувањата во сите четири пунктови на секторот Гимназион добиени се значајни податоци за градбите во овој дел од локалитетот.



Движниот материјал најден при овие истражувања го опфаќа хеленистичкиот и римскиот период, со посебен акцент на периодот од обновата на античкиот град Стибера во II век од н.е. Од периодот од крајот на II и почетокот на III век се најголемиот број на остатоци од мермерната пластика, меѓу кои и две фрагментирани женски, мермерни глави.

Деловите од мермерна портретна пластика, новите наоди на фрагменти од мермерни плочи со натписи ја дополнуваат сликата за функцијата и значењето на објектите во овој простор. Истражувањата треба да продолжат до комплетно откривање и дефинирање на функциите на објектите и нивната взаемна поврзаност.

2. Систематски археолошки истражувања на културниот комплекс Св. Преображение, с. Зрзе

Сеопфатните археолошки истражувања на овој културен комплекс се изведуваа во периодот од 04.05. до 20.12.2009 година. Истражувањата беа концентрирани на јужниот дел од источните падини на бигорната карпа врз која е изграден манастирот со манастирската црква Св. Преображение, како и на платото северно од манастирот.

Во целиот истражуван простор, а особено на јужниот дел од источните падини на бигорната карпа беше констатиран интензивен слој на градежен шут оформен при големиот број поранешни архитектонски интервенции врз манастирот во минатото, а сега распространет по пат на ерозија, поради што мораше да се направат сериозни подготовки на просторите што треба да се истражат.

Истовремено, вертикалниот распоред на истражуваните објекти наметна потреба од парцијално истражување на секое од одделните платоа на бигорната карпа, особено во рамките на веќе дефинираните објекти. Издвоените платоа беа сигнирани како одделни сектори (теренска сигнатура од 1-12)

Првични резултати и сознанија од истражувањата

Ова година беа откриени материјални остатоци со особени културни вредности, хронолошки детерминирани од праисторија до денес, меѓу кои, поради своето исклучително значење за историјата на културата на централнобалканскиот

простор истражувањата првенствено беа концентрирани врз остатоците од старохристијанскиот комплекс на платото северно од манастирот и средновековната монашка населба распространета на бигорната карпа.

Старохристијански комплекс

Со археолошките истражувања на платото северно од денешниот манастир, кои опфатија површина од околу 500 м^2, откриени се остатоци од старохристијански црковен комплекс чија егзистенција со сигурност е потврдена и во средновековието. Во овој црковен комплекс со сигурност можат да се издвојат три основни етапи.

Првата етапа ја сочинуваат откриените остатоци од трикорабна базилика со нартекс на западната страна, баптистериум со крстообразна писцина во источниот, полукружно обликуван сегмент и две влезни простории на запад, атриумски сегмент од кого до сега се откриени четири простории, гробишно плато, непосредно до олтарната апсида, кое го сочинуваат пространа засводена горбница со малтерна оплата на внатрешната страна од ѕидовите, како и четири делумно ѕидани, вкопани во карпеста подлога пространи гробници, најнепосредно конструктивно поврзани со засводената гробница и олтарната апсида на црквата.

Покрај типолошко-хронолошките особености на откриените наоди во интактни културни слоеви (монети,градежна керамика и др.) на хронолошкото детерминирање на оваа етапа упатуваат откриените остатоци од гроб на непознат локален мартир, вклопен во северниот сегмент од засводената гробница. Почетокот на оваа етапа на старохристијанскиот комплекс ја датираме во последните децении на IV иранот V век, додека пак горната граница на оваа етапа ја датираме со почетокот на градежните интервенции од втората фаза од егзистенцијата на старохристијанскиот комплекс, хронолошки определени во времето од крајот на V и почетокот на VI век.

Третата етапа се поврзува со егзистенцијата на монашката населба, што е потврдено со градежни интервенции на влезната партија на нартексот, влезот во проскомидијата, трансформацијата на баптистериумот во ѓаконикон и др. Од особено значење за историјата на материјалната култура на овој простор се до сега откриените дваесет и седум минијатурни гробни конструкции, стратиграфски со сигурност поврзани со средновековието.

Средновековна монашка населба

Врз јужната, источната и северната падина на бигорната карпа, како и врз делови од горното плато на карпата откриени се остатоци од средновековна монашка населба, при што со сигурност се евидентирани 48 функционални целини, именувани како испосници, тихувалишта, работилници, комуникациски платоа и слично, како и делови од уште 17 објекти.



Сегментите од средновековната монашка населба распоредени се во седум нивоа-спратови, а врз на стратиграфските анализи и функционалните согледби, издвоени се три основни етапи на егзистенција.

Со првата етапа со сигурност се поврзуваат тринаесет функционални целини, во најголем дел испосници, распоредени во горните сегменти од јужните, источните и северните падини од бигорната карпа. Треба да се напомене дека за конституирање на овие објекти се користеле природните владбнатини-пештери во бигорната карпа, хоризонталните платоа оформени после експлоатацијата на бигорот во III-IV век, како изарамнетите површини врз срушените објекти на доцноантичкото подградие. Хронолошкото детерминирање на оваа етапа во времето од доцниот IX век до последните децении на XI век со сигурност се потврдуваат со големиот број на фрагменти од садова керамика.

Со втората етапа, хронолошки детерминирана во времето од раниот XII до првите децении на XIV век се поврзуваат десет функционални целини, како и делови од уште пет објекти, меѓу кои се и јужната пештерна црква, четири испосници со јасно издиференциран живеалишен простор и сегмент за ракоделие, пет тихувалишта, а спрат во внатрешноста на карпата и др. За оваа етапа од особено значење е конституирањето на комплексот на централната пештерна црква, кој покрај црквата го сочинуваат и егзонартексот, три тихувалишта на спрат и параклис. За градбените методи на оваа фаза карактеристична е употребата на внимателно обработени подни камени плочи.



Третата етапа, која хронолошки ја поврзуваме со почетната фаза од егзистенцијата на манастирската црква изградена врз горното плато од бигорната карпа, се карактеризира само со понатамошната егзистенција на поголемиот дел од порано конституираните испосници, тихувалишта и комуникациски платоа, со тоа што кај работниот сегмент на испосниците следиме процес на усовршување на техничко-технолошките постапки на работа со јасно издиференцирани печки, огништа, работни платоа и сл. Според типолошко-хронолошките особености на наодите (садова керамика, фрагменти од фрески, монети, фреско - натпис, орудија, градежна керамика и сл.) ова етапа ја датираме во времето на третата деценија на XIV до последните децении на XV век од кога што следиме процес на нагласено напуштање на монашката населба врз падините од карпата и пренесување на

содржините на просторот од горното плато на бигорната карпа каде што е изградена еднокорабна црква со средства на ктиторот Герман во времето на цар Душан (1346-1355).



Поради дополнителната кабинетска проверка на откриените наоди, при овогодишните теренски истражувања останаа недоистражени одделни сегменти од погоре споменатите сектори:

- источниот сегмент од цеметеријалното плато;
- делови од источниот сегмент од старохристијанскиот комплекс и
- делови од источниот сегмент на монашката населба.

Преземени активности за непосредна заштита

После завршувањето на истражувањата, врз откриените делови од објекти се изврши непосредна заштита од следните причини:

- природата на подлогата-теренот над кое се втемелени содржините од комплексот;
- специфичните микроклиматски услови на локацијата;
- природата и состојбата на градежниот материјал односно, врзното средство-малтерот од откриените содржини на објектите;

- значењето на овој старохристијански комплекс.







Остатоците од старохристијанскиот комплекс се наоѓаат на нерамномерно стрмен терен со релативо голем просечен пад. Подлогата-теренот на која се откриени остатоците од комплексот по целата негова површина е од микашист карпа која по сите познати параметри е со висока носивост но со состав од хоризонтално напластени слоеви, како негативно својство на оваа карпа, бидејќи лесно примаат и испуштаат влага. Сето ова дополнително влијаело во минатото, а и сега, капиларната влага да пробива од контактната зона на ѕидовите со подлогата-теренот, па нагоре. Природата и состојбата на градежниот материјал односно врзното средство за каменот од варовник и бигор – малтерот од кал, условија паралелно со археолошките истражувања да се вршат и мерки за привремена заштита. Овој малтер од кал е исклучително непостојан кога се во прашање

атмосферските услови, што би довело до целосна деструкција на новооткриените содржини.



Површински онаму каде што имаше малтер од кал се примени малтер визуелно и колоритно сличен на оригинално употребениот материјал - малтер од кал односно варовиот малтер кој беше одпаднат од остатоците на објектот беше исто така заменет со колоритно и визуелно сличен малтер.

Со ваквите зафати се зачуваа позициите на археолошките остатоци од градбата без да се наруши нејзиниот интегритет.





Дополнителните истражувања во иднина би требало да ги дадат основните параметри во приодот за понатамошниот третман на оваа градба.

По завршувањето на активностите околу зацврстувањето на содржините од старохристијанскиот комплекс, позначајните содржини како што е гробот на непознатиот мартир и гробовите непосредно до него, гробовите под централната апсида, крстилницата и гробовите северниот гроб од базиликата, се изврши покривање со УВ стабилизиран најлон врз претходно поставени дрвени греди и препреки.

Заклучни согледувања и предлози

Исклучителните вредности на досега откриените материјални остатоци од минатото, особено на старохристијанската архитектонска целина и средновековната монашка населба, без сомнение го врбројуваат културниот комплекс Св. Преображение, с. Зрзе меѓу најзначајните културни целини во централните делови од Балканскиот Полуостров за времето на доцната антика и средновековието.

Сознанијата од досегашните истражувања на локалитетот Св. Преображение, с. Зрзе, евидентно упатуваат на потербата од понатамошно, систематско истражување на овој комплекс и тоа во функција на негово сеопфатено културно - хронолошко детерминирање, целосна реконструкција на откриените објекти и суштествено ревитализирање на културниот комплекс.

3. Систематски археолошки ископувања на локалитетот "Трештена стена" с. Чаниште, Мариово

Во периодот од 06.05. до 25.06.2009 година се реализираа истражувањата на овој локалитет. Станува збор за продолжување на археолошката кампања која трае уште од 2001 г.

Оваа година истражувањата се вршеа на просторот на квадратите 5,10,14 и 16. За стратиграфскиот изглед на населбата податоци дадоа квадратите 5,10 и 14. Со овогодишните истражувања се покажа дека населбата немала само еден културен стратум со најмалку пет хоризонти на живеење туку дека постои уште еден, нов хоризонт на живеење, хоризонтот 6 и тоа во просторот на квадратите 5,10 и 14.





4. Увид во просторот опфатен со зоната на изградба на хидроцентралата "Чебрен", Мариово.

Во периодот од 9.03 – 7.04.2009 година беше формирана екипа која требаше да изврши увид на теренот кој спаѓа во зоната на посочената хидроцентрала. Иако се работи за доста тежок и непрооден терен, (најчесто со возило се оди до одредена дестинација, а потоа 1-2 и повеќе саати мора да се пешачи) во тешки временски услови (врнежи од снег, дожд и доста студено време) сепак екипата успешно ја заврши оваа проверка на теренот.

Увидот беше реализиран во атарите на селата: Чаниште, Манастир и Бешиште, односно кон местото предвидено за изградба на браната. Во текот на овој увид беа посетени голем број локалитети, манастирски комплекс и поголем број археолошки локалитети од кои некои се познати од претходните археолошки рекогносцирања, а доста се и новооткриени. Направен е увид на локалитетите "Маленица", "Богданова Нива", "Ангелески Ниви", " Преслапта", "Рамни Трла", "Цветково Трло", " Острилата", " Турски ливаќе", " Говедарник", " Пауров дол", "Голиот рид", " Главицата", "Ташова ливада", "Ѓерамиди", " Градиште", "Плевење", " Корито", "Камено корито", "Ќулавите", "Средорид", "Долни лозја", црквата Св. Никола во манастирскиот комплекс Манастир Мариово, и црквата Св. Ѓорѓија во село Чаниште.

После увидот беше изработен Извештај кој беше доставен до Управата за заштита на културното наследство.

Од посочените локалитети беше собран движен археолошки материјал, кој по стручната и студиска анализа беше распределен по одделенијата од кои во одделението за антика беа евидентирани 85 наоди.

Соработка со периодични списанија

- **Macedonia acta archaeologica**

Оваа соработка се остварува преку учеството на нашите стручни кадри при изготвувањето на ова периодично издание, со свои трудови. Така оваа година за бр. 19 е предаден во печат трудот: " Мариово во праисторијата" од авторот Александар Миткоски. (во печат);

- **Зборник АМ бр. 3**, предаден е трудот "Тумулот од локалитетот Страгата, кај с. Крушевица, Мариово, Александар Миткоски (во печат);

- **Македонски археолошки преглед 1** – Сондажни археолошки ископувања на лок. Баба, Прилеп, Александар Миткоски;
- **Македонски археолошки преглед 1 –** Систематски археолошки ископувања на локалитетот Трештена стена, с. Чаниште, Мариово, Александар Миткоски.

Соработка со други институции во реализација на нивните проекти од областа на археологијата

И оваа година Институтот за археологија при Филозофскиот факултет – Скопје ги реализираше Арехолошките истражувања на локалитетот "Павла Чука" во близина на село Подмол. Истражувањата се во рамките на Проектот " Висока – Старо Бонче" под раководство на Проф. Др. Виктор Лилчиќ.

Оваа година продолжија истражувањата од претходните две години. Потполно се исчисти насипаната земја во комората, предкомората и дромосот на уникатната гробница од македонски тип. Се продолжи и истражувањето на протегањето на прстенестиот надворешен ѕид од масивни правоаголни камени блокови, при што беа откриени нови 40 м. кон север. На источната страна беа отворени две сонди пред влезот на гробницата, а се расчистуваше и самиот влез. Од

движниот археолошки материјал најбројна е садова керамика, тегови и наоди од железо (стрелка, клин, шајки). Се издвојуваат една глава од теракота и монета од доцноримскиот период. Сите наоди се евидентирани во Одделението за антика при НУ Завод и Музеј –Прилеп.

Одделение за документација (ИНДОК центар)

Во рамките на ова одделение евидентирани се 408 влезни единици.

Специјална библиотека

Во 2009 година како и секоја година, во библиотеката на НУ Завод и Музеј – Прилеп се набавува и стручно се обработува од страна на библиотекарот новата литература. До истата се доаѓа по пат на претплата, размена или подарок. Во текот на 2009 година ново набавени се 42 книги, 68 списанија и 1 речник и при тоа изготвени се 49 каталожни картончиња на книгите и 276 каталожни картончиња на списанијата. По пат на размена испратени се 20 книги во издание на НУ Завод и Музеј – Прилеп до други музеи, заводи и други установи во земјата и странство со кои библиотеката остварува соработка по пат на размена.

Освен досегашното картотечно водење на библиотеката, изготвена е програма со која компјутерски се обработуваат книгите по области, по периоди, по автори или по друг основ, односно воведена е автоматизација во секојдневното работење и пребарување како најважен аспект на библиотечното работење. Со осовременувањето во библиотечното работење, дигитализиран е дел од библиотечниот фонд на нашата установа и оваа обработка продолжува и во наредниот период.

Покрај библиотекарските активности, како за потребите на директорот и за сите вработени во Н.У. Завод и Музеј - Прилеп и оваа година се извршени и други активности од областа на компјутерска обработка на податоци, работа со мрежа, обработка на текст и скенирање, компјутерска обработка на книги, каталози, постери и друго: пишување на текстови, писма, извештаи и друго.

Во 2009 година обработени се следните проекти финансирани со Годишната програма на Министерството за култура.

- Графичко решение за постер А0 формат за локалитет Стибера по повод Годишната изложба на археолошки локалитети односно капитални проекти финансирани од Министерство за култура;

- Изработени се две Power Point презентации за локалитет Стибера и Зрзе;
- Каталог на Музеј за тутун Прилеп, (обработени се сите фотографии од каталогот во Photoshop комплетно средување во Corel Draw, изработени се влезници за Музејот за Тутун, Каталошки лист за Музејот за Тутун во македонска и англиска верзија) (во печат);
- Изработка на WEB страна на НУ Завод и Музеј – Прилеп (заради префрлање на средствата од страна на Министерството за култура проектот продолжува и во 2010 год.)
- ЦД-ром ”50 години Музеј” Прилеп, (заради префрлање на средствата од страна на Министерството за култура проектот продолжува и во 2010 год.)
- извршување на работи и работни задачи што произлегуваат од природата на библиотеката.

Фото лабораторија

Во рамките на ова одделение извршени се следните активности за 2009 година:

- Изработка на фото и видео документација за истражувањата на локалитетите: Трештена стена, Стибера, Зрзе, увидот за Чебрен, увидот на мостот на Река Црна во с. Бучин, локалитетот Чаорица, с. Ерековци;
- фотографирање и обработка на 500 монети;
- скенирање и обработка на фото албум со стари фотографии од Архив на Прилеп;
- изработка на фото решение за плакат од Зрзе за годишната изложба;
- изработка на фотографии за елаборати, извештаи и др.

Педагошко водичка служба

Педагошко водичката служба како редовна активност на НУ Завод и Музеј – Прилеп се изведува во објектите кои се во негова надлежност и тоа:

- Меморијален музеј "Кузман Јосифоски-Питу";
- Меморијален музеј "11-ти Октомври 1941";
- Паркот на револуцијата;

- Галеријата на икони;
- Спомен дом "Блаже Конески", с. Небрегово;
- Музеј за тутун.

Покрај во наведените објекти оваа дејност се извршуваше и при посетата на спомениците на културата во Прилеп и прилепско. Важно е да се напомене дека секоја посета беше збогатена со одржување на историски часови или презентација на секоја од поставките кои ги има во музејот. Особено треба да се истакне редовната посетеност од страна на учениците од основните и средните училишта, како и голем број туристи од земјава и странство, вкупно 4000 лица од кои 2000 се туристи од Израел.

II. СЕКТОР ЗА МУЗЕЈСКА ДЕЈНОСТ И ЗАШТИТА НА ДВИЖНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

Одделение за историја на уметност

Во 2009 година се реализира Проектот " Графички листови- конзервација на 15 експонати". Конзервацијата се врши во Народна и универзитетска библиотека "Климент Охридски", Скопје.

Одделение за историја

Покрај гореспоменатите елаборати за изработени во состав на Валоризациите на спомениците на културата, стручниот кадар од ова Одделение работеше и на следното:

- пишување на стручни трудови:

"Здравството во Прилеп и прилепско меѓу двете светски војни - почеток на организирана здравствена заштита "Гласило на лекарската комора на Македонија "Vox medici" XVIII, br.62,;

"Музеите и културниот туризам кај нас и во светот" - на советувањето во организација на Македонскиот национален комитет на ICOM ;

"Локалитетот Маркови Кули – споменик на природата и културата" (во печат)

- подготовка за печат на монографијата "Прилепски времеплов – хронологија на настани во Прилеп и прилепско"

Одделение за етнологија

Во текот на 2009 година во ова Одделение се извршуваа работите кои произлегуваат од делокругот на работа.

Одделение за социјална и духовна култура

Во текот на 2009 година во Одделението за социјална и духовна култура се реализирани следните активности:

- изработка на труд за манифестацијата Мариовско-Мегленски средби,
- Учество на манифестацијата Прочка 2009,
- Изготвување и поднесување на Проект" Приказни кои недостасуваат" пред Амбасадата на УСА,
- Реализација на радио емисии,подготовка на емисиите во врска со обичаите од зимскиот солстициум,
- Подготвување и презентација на труд во рамките на Мариовско-Мегленските средби со наслов "Есенцијалноста на етнокултурата за туристички намени",
- изработка на труд за манифестацијата Свети Никола,
- подготовка на изводи за водење за реализација на ТВ емисии за манифестацијата Свети Никола,
- Подготовка на изводи за водење за реализација на ТВ емисии за манифестацијата на Локалната самоуправа "Божик Бадник",
- Подготовка на изводи за реализација на ТВ емисии за времеброењето, односно разликата помеѓу нашиот и католичкиот календар.

Работа во Музејот за тутун која се состои од следното:

- финализирање на текстовите за Каталогот на Музејот за тутун,

- финализирање на графичкиот изглед и естетски решенија за Каталогот,
- реинвертаризација на збирки во Музејот за тутун,
- евидентирање на експонати,
- водење на електронска инвентарна книга,
- водење редовни туристички тури низ поставката во Музејот за тутун,
- водење студиски, деловни и дипломатски посети низ поствката во Музејот,
- собирање податоци за домашни колекционери, занаетчии и центри на производство, воспоставување на соработка со други музеи,
- изработка на трудот "Рана историја на тутунот",
- изработка на трудот "Феноменологија на тутунот",
- поднесување на Проектот " Музеите во училиштата или училиштата во музеите" пред Советот на Општина Прилеп.

Извршени увиди

Оваа година извршени се повеќе увиди на состојби на спомениците на културата, цркви, манастири и археолошки локалитети. Увидите се вршени на барање на приватни лица, Локалната самоуправа, СВР-Прилеп и по укажувања на граѓани. Овие увиди се вршени на територијата на Прилеп и во неговата околина.

Наши стручни екипи извршија увид на следните локации:

1. Увид на локалцијата каде што ќе се гради хидроцентралата Чебрен;
2. Црква Св. Благовештение- промена на кровниот покривач на црквата без дозвола;
3. Увид на состојбата на мостот на река Црна во с. Бучин;
4. Стибера;
5. Турски амам;
6. "Слон" – Маркови Кули по информација од граѓани за градба без дозвола;
7. Увид на реконструкција на дуќан во Старата Чаршија без конзерваторски проект;
8. Увид за состојбата на конаците во манастирот Трескавец на барање на Монахот задолжен за овој комплекс;

9. Увид за дуќан во Старата Чаршија поради преправки без дозвола и знаење на НУ Завод и Музеј – Прилеп;
10. Увид на локалитетот "Безистен", с. Прилепец.

НУ Завод и Музеј Прилеп според законските одредби во текот на оваа година ги изготви и следните Заштитно конзерваторски основи за Детални урбанистички планови:

- УБ 1 дел Б за Крушево;
- УБ "6а" за Крушево;
- УАЕ бр. 10 за Прилеп;
- УБ 14 за Прилеп;
- УАЕ 9 за Прилеп;
- УБ 20/4 за Прилеп;
- УБ 5г за Крушево;
- УАЕ 14 за Прилеп;

Во почетокот на оваа година тимот од НУ Завод и Музеј - Прилеп ги изработи и заштитно конзерваторските основи за изработка на Генерален урбанистички План на Општина Прилеп.

Во рамките на своите надлежности и законската регулатива НУ Завод и Музеј - Прилеп во текот на оваа година направи увиди и издаде одговори на следните барања:

- спортска сала на ЕМУЦ "Ристе Ристески - Ричко", КП 12195/3 и 5869/2;
- за УАЕ за УБ 11/3 Б;
- објект на улица Караорман-Стара Чаршија;
- КП 867/1 Варош;
- тениско игралиште, спортска сала Македонија;
- КП 15401/4 15403-15;
- стопански комплекс на КП 15810/1, КП 10921;
- за ЛУДП за КП 6044/1;
- за ул. "Сотка Ѓорѓиоски" КП 14645 УАЕ 9,УБ 9/2;
- за КП 1009, КО Алинци;

- за куќа на ул.”Битолска” бр. 54;
- за куќа на ул. “Коча Миленку” бр.4, Крушево;
- за објект на ул. “Орде Тутески” бр.1;
- за објект на ул. “Орде Тутески” бр.3;
- за пречистителна станица надвор од опфатот на Прилеп;
- за дуќан на ул. ”Илинденска”, Крушево;
- за објект на ул. “Орде Чопела”, КП 5405,5406,5407;
- за куќа на ул. “Борка Левата” бр. 4а, КП 17751;
- за КП 14605/1;
- за КП 13331;
- за месноста Ѓупски ливади КП 3223/11,4443/3 и др.,;
- за објект на ул. “Моша Пијаде”, КП 23823/1;
- за објект на ул. “Браќа Ламески” бр.5;
- за дуќан на ул. “Илинденска” б.б. во Крушево;
- објект на ул.”Цане Коњарец”, КП 18512;
- за КП 4947 на ул. “Борка Лопач” бр. 70;
- за КП 1415 КО Тополчани;
- за објект на ул. “Киро Пајмакоски” бр.12, КП 14379;
- за Присад, блок 1, Дервен за КП 4;
- за КО Црнилиште, КП 1783/3;
- за КП 1794/2, КО Лажани;
- за објект на ул.”Мише Евтим” бр. 48, Крушево;
- за поставување на сончеви колектори на подрачјето на Крушево.

III. СЕКТОР ЗА ПРАВНИ ФИНАНСИСКИ И ОПШТИ РАБОТИ

Правник – одбива да достави годишен извештај за работа за 2009 год.

Архива и Народна Одбрана

Согласно Законот за архивска граѓа и уредбата за канцелариско и архивско работење во текот на 2009 година беше изготвен план на архивски знаци за распоредување на актите за 2009 година на НУ Завод и Музеј - Прилеп за што добивме согласност од Архив на Македонија ПО–Прилеп. Раководејќи се по планот беше водена архивата и деловодниот протокол. Во рамките на архивата водени се уредно сите потребни книги на нашата институција.

Во рамките на одбраната вршени се сите неопходни работи. Постојано од страна на лица од Министерството за одбрана ПО Прилеп сме посетувани и целосно ги применуваме нивните препораки.

Финансиско книговодствена служба

Во рамките на оваа служба во оваа година се обавуваа следните работи:

- книжење на материјалните и финансиски документи ;
- изготвување на завршни сметки;
- изготвување на временски извештаи, планови и слично;
- редовно доставување на статистички и други извештаи;
- извршување на вирманска исплата;
- фактурирање извршени услуги;
- извршување на други работи и работни задачи што произлегуваат од природата на оваа служба.

Директор
на НУ Завод и Музеј - Прилеп
Гордана Данилоска Спироска